Бесплатен примерок

септември, 2021

# Скопје
гласило



## СКОПЈЕ
## НИЗ ФОТОГРАФИИ




## БРТ ЗА ПОЗЕЛЕНО, ПОПАМЕТНО И ПОХУМАНО СКОПЈЕ

Брзиот автобуски транспорт (Bus Rapid Transport) или БРТ ќе овозможи побрз, поефикасен и побезбеден автобуски превоз, помало аерозагадување и почиста средина и затоа тој е дел од визијата за Скопје како „Зелен град“. Со популарно нареченото „автобуско метро“ или „трамвај на тркала“ ќе се одвои посебна траса за брзи автобуси, која ќе биде физички издвоена од преостанатиот сообраќај. Проектот БРТ ќе опфати имплементација на две линии за брз автобуски транспорт - Линија 1 (исток – запад, од Ѓорче Петров преку Центар до Ново Лисиче) од 12,81 км и 21 автобуска станица, како и Линија 2 (север – југ, од железничката станица на булеварот Босна и Херцеговина до булеварот Борис Трајковски) во должина од 10,4 км со 20 автобуски станици. Автобусите од БРТ системот ќе бидат со хибриден погон на гас и електрична енергија и со должина од 18 метри, а целиот систем е поставен во иднина да може да прими и 24 метарски возила.

ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, една поинаква приказна.










# НОВИ ЕКОАВТОБУСИ ЗА ПОЕФИКАСЕН И ПОЧИСТ ЈАВЕН ТРАНСПОРТ

ГРАД СКОПЈЕ

Екоавтобусите на гас од германската компанија MAN една година возат на линиите 2, 5, 15 и 57. Триесет и три еколошки автобуси од кои 21 нископоден автобус со поединечен капацитет од 85 патници и 12 зглобни нископодни автобуси со поединечен капацитет од 149 патници се дел од возниот парк на ЈСП. Овој тип автобуси ги задоволуваат стандардите за емисија на Euro 6 и во Германија ја поседуваат ознаката „Син ангел“ бидејќи емитуваат значително помалку $CO_2$ и речиси воопшто не го загадуваат воздухот.

*Скопје, една поинаква приказна.*








## СКОПЈЕ ПРИМЕР ЗА РАЗВОЈ НА ВЕЛОСИПЕДИЗМОТ

Во изминатите 3,5 години се изградени, обновени и обележани над 40 километри велосипедски патеки и велоленти, во сите делови од градот. Скопје веќе е град со над 100 километри велосипедска мрежа којашто со градењето на новите булевари постојано се зголемува. Големиот ринг е целосно опкружен со велопатеки, а мрежата е проширена до Маџари на исток и обиколницата на север. Исто така, од паркирани возила се ослободени и голем број јавни површини и тие сега се зелени и безбедни зони за возење велосипед или за пешачење.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# ТРОТОАРИТЕ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА

Градот Скопје посветува големо внимание за безбедно движење на пешаците и на велосипедистите и создава корисни и проточни простори на места каде што порано се паркираа возила. За три години се поставени голем број заштитни столпчиња по должината на улиците, со што од возила се ослободени повеќе јавни површини. Патеката пред и наспроти Соборниот храм, на улицата Даме Груев, од двете страни на улицата 11 Октомври, кај Порта Буњаковец, на улицата Васко Карангелевски, велопатеката на булеварот 8.Септември и тротоарот пред и наспроти главната Пошта се само дел од локациите кои во изминатиов период беа ослободени од паркирани возила

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




# ОТСТРАНЕТИ 240 РЕКЛАМНИ ОБЈЕКТИ ОД ЈАВНИОТ ПРОСТОР

Градот Скопје се придружи на европските градови во ослободување на јавниот простор во време на корона и ослободи голем број простори за потребите на пешаците и на велосипедистите, за подобар проток на воздух во урбаната средина и за повеќе зеленило. Со оваа акција, од јавните површини во Скопје се отстранети 240 рекламни објекти – билборди и ситилајти.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*











# СКОПЈЕ СО ПАМПТРАК ПАТЕКИ

Вљубениците во велосипедизмот, ролерите и скејтбордите можат да ги користат адреналинските патеки на памптрак полигоните пред Олимпискиот базен и во вториот дел од Градскиот парк, во непосредна близина на просториите на ЈП „Паркови и зеленило“ и Сточарскиот институт.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*














# ЗЕЛЕНИ СКВЕРОВИ НА МЕСТОТО НА ЗАПУШТЕНИТЕ ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Пет запуштени јавни зелени површини се претворија во уредени зелени скверови како дел од иницијативата на Град Скопје и Центарот за иновации Скопје Лаб, а во соработка со УНДП, во рамките на проектот „Отпорно Скопје“.

Граѓаните ги идентификуваа своите потреби и ги избраа локациите и редизајнот на овие јавни површини. Градот има за цел да го обнови зеленилото и на граѓаните да им обезбеди пријатни места за одмор, релаксација и дружење, а по нивен избор уреди скверови во Карпош 2, кај поликлиниката „Идадија“, во Тафталиџе и на две локации во Аеродром (во Острово и на крстосницата меѓу булеварот Јане Сандански и улицата Владимир Комаров).

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*










# ДВЕ ТАРТАН ПАТЕКИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Скопјани имаат можност да се рекреираат на двете тартан патеки кај малото езерце во најживописниот дел на Градски парк 2. Во еден мал дел двете патеки се преклопуваат, а кругот кој заедно го формираат изнесува точно 1.000 метри. Сенките од околните дрвја ги прават патеките атрактивни за користење и во летните денови, а тие е наменета за сите граѓани, не само за професионалните спортисти. Околу патеките се поставени инфо-табли, чешми, клупи, канти за ѓубре отпад и осветлување.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*











# ПРВ ВЕЛОШТАД ВО СКОПЈЕ

Првиот ВЕЛОШТАД - плоштад за велосипеди во Скопје е отворен кај Железничката станица, место коешто заедно со Скопје Лаб го избраа велосипедистите. Велоштадот е реализација на идејата за мултимодалност во велосипедските политики што нуди можност безбедно да се паркираат велосипедите кај Транспортниот центар за патувањето да се продолжи со воз, меѓуградски автобус или со некој од градските и приградските автобуси на ЈСП.

Велоштадот има држачи за паркинг и сервисна станица за велосипеди, гардеробер за брзо пресоблекување, кабини за долготрајно паркирање на велосипедите, фонтана за вода за пиење и урбана опрема.

ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, една поинаква приказна.



## ПРВА НАГОРНА ВЕЛОПАТЕКА НА ВОДНО

Скопје ја доби првата нагорна велопатека на Водно што е дел од проектот „Велосипедски парк Водно“. Пионерската патека е направена по сите стандарди и е наменета исклучиво за движење во еден правец - нагоре. Патеката е долга 3.432 метра и се протега од полициската станица се до Средно Водно.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




# ИМИЊА НА ДЕЦА ЈА КРАСАТ ОГРАДАТА НА УЛИЦАТА ЦВЕТАН ДИМОВ

Градот Скопје заедно со Општина Чаир поставија заштитна ограда за да се зголеми безбедноста на пешаците и на велосипедистите кои ја преминуваат улицата Цветан Димов и за да се воспостави сообраќајна контрола во овој дел од градот. Елиф, Амел, Лина, Омар, Ивана..., се само дел од имињата на децата што секојдневно ја поминуваат оваа фреквентна улица за да одат на училиште или во градинка, а кои се испишани со спрејови во разни бои на заштитната ограда поставена на средината на коловозот. За овој булевар почната е и постапката за јавна набавка за изработка на основниот проект за реконструкција и изградба на модерно булеварско решение со 6 коловозни ленти, тротоари, велосипедски патеки, зеленило и ново осветлување по должината на целата траса од 1.100 метри. На овој потег е предвидено да минува и втората траса на БРТ системот на брз автобуски превоз која ќе се движи од Бутел до Кисела Вода.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



# РЕКОРДНО ЗГОЛЕМЕН БРОЈОТ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО СКОПЈЕ

Секоја година Град Скопје и ЈП „Паркови и зеленило“ работат на обновување на постојните и подигање нови зелени површини во Скопје, а изминативе години се надминува бројката од 100.000 квадратни метри уредени зелени површини годишно. Во рамки на овие активности многу запуштени јавни простори и диви депонии сега се нови паркови. Таков е примерот со паркот „Ибни Пајко“ во Центар, паркот во Кисела Вода кај железничката пруга, новиот парк во Мичурин, а во тек е уредувањето на парк покрај кејот на реката Вардар, спроти Карпош 4.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*














# ЗЕЛЕНИТЕ ПОКРИВИ ВЛОГ ВО ЗАШТИТАТА НА СРЕДИНАТА

Покривите на Градскиот трговски центар, познатиот Дом на градежници и на трговскиот центар „Мавровка“, кој ќе биде и најголем зелен покрив во Скопје, се претвораат во зелени оази со многу зеленило и уредени катчиња за одмор и релаксација на граѓаните. Зелените покриви се една од мерките за намалување на таканаречените „урбани топлотни острови“ во Скопје што ќе се трансформираат во „зелени острови“, ќе ја намалуваат температурата, ќе ја контролираат влажноста и ќе го подобруваат квалитетот на воздухот.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# СУБВЕНЦИИ ЗА НАБАВКА НА ЕКОЛОШКИ ИНВЕРТЕРИ

Како дел од предвидените мерки од Планот за подобрување на квалитетот на воздухот и Акциониот план на Стратегијата за климатски промени на Градот, изминативе 3 години беа доделени околу 7.500 субвенции за граѓаните за набавка на инвертер клима уреди. На граѓаните им беа надоместени трошоците за набавка на инвертер клима уред, но не повеќе од 62.000 денари во нето износ. Ова е само една од мерките на Градот Скопје во борбата против аерозагадувањето.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




# СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

Град Скопје во периодот 2017 - 2021 година додели над 15.000 субвенции за граѓаните кои купија велосипед и 750 субвенции за купување на електрични тротинети. Граѓаните аплицираа за субвенции со доставување фискални сметки, а Градот Скопје ги субвенционира средствата во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари по лице, и 30% од вредноста на електричниот тротинет, но не повеќе од 7.000 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



# НОВ ПАРК ВО СКОПЈЕ - ИБНИ ПАЈКО

Скопје е побогат за уште еден прекрасен парк од левата страна на Вардар, во срцето на некогашното Пајко Маало, зад Националната филхармонија. Некогаш дивиот паркинг сега е зелена оаза и омилено место за одмор и релаксација на граѓаните, но и место каде што се одржуваат културни и забавни настани. Новиот парк се простира на 11.000 квадратни метри каде што се изградени пешачки патеки и сервисна улица украсена со улична уметност, а поставена е и урбана опрема.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*








# ГРАД СКОПЈЕ РАСЧИСТИ НЕКОЛКУ ГОЛЕМИ ДИВИ ДЕПОНИИ

Градот Скопје интензивно работи на расчистување и спречување на повторно создавање депонии, коишто многу често се палат и го загадуваат воздухот. Исчистени се депониите во Кисела Вода, во Мичурин, во Ново Село, во Визбегово, во Рашче и во дел од Вардариште. На местото на расчистените депонии во Мичурин и во Кисела Вода се уредени зелени паркови на задоволство на локалните жители.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*






## ДРИСЛА

Советот на Град Скопје на седницата одржана на 17.07.2019 година донесе одлуки со кои се поништија претходните договори и постапки за давање на депонијата ДРИСЛА под концесија и повторно е вратена под надлежност на Градот. ЈП Дрисла набави нов стерилизатор за третман на медицински отпад од познатата италијанска марка ЦИСА, со што совесно се постапува со медицинскиот отпад и не претставува потенцијална опасност за животната средина и за здравјето на луѓето.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# НОВ ПАРК ВО МИЧУРИН

На површина од 6.000 квадратни метри кај Железничката станица, во Мичурин, е подигната нова зелена површина. Овој простор, меѓник меѓу општините Аеродром и Центар, повеќе од 20 години беше дива депонија, а при расчистувањето се исфрлени над 15.000 кубни метри смет. На задоволство на околните жители, овој нов јавен простор сега е уреден мал парк со детско игралиште и е ново катче за одмор и рекреација за сите генерации.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



# БУЛЕВАР БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Новопроектираниот булевар Босна и Херцеговина од улица со две ленти прерасна во современо булеварско решение со шест сообраќајни ленти и комплетна инфраструктура. Новиот булевар е со вкупна должина од околу 1.700 метри, со 6 коловозни ленти, пешачки и велосипедски патеки, средишно и странично зеленило и со ново улично осветлување, од булеварот Словенија до булеварот Христијан Тодоровски Карпош. Тој ги поврзува жителите на Шуто Оризари, Карпош, Чаир, Бутел и на Железара со преостанатиот дел од градот и заедно со булеварот Христијан Тодоровски Карпош претставува брз излез на обиколницата.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# ГРАДОТ СКОПЈЕ ПОМОГНА ЗА ПРЕУРЕДУВАЊЕ НА КЛИНИЧКИОТ ЦЕНТАР

Градот Скопје со реализација на низа градежни инфраструктурни активности во кругот на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ помогна да се зголеми капацитетот на паркинзите во болницата. Се прошири влезот во Клиничкиот центар и се отвори траса за интервентни возила до Ургентниот центар, како и посебен влез кон Инфективната клиника. Се проширија и влезовите кај Клиниката за стоматологија и кај улицата Белградска. Реконструирани се и двата постојни паркинзи кај клиниките за хирургија и за гинекологија и акушерство, односно постојните 6.000 квадратни метри се проширени на околу 20.000 квадрати.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



# ЗАЕДНИЧКИ ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ СО ОПШТИНИТЕ

За да се воспостави ефикасна и независна инспекциска служба инспекторите за животна средина, комуналните инспектори и комуналните редари од Град Скопје заедно со инспекторите и редарите од сите скопски општини станаа дел од еден заеднички тим. Ваквиот тим е формиран заради заштита на животната средина и природата, за преземање мерки за заштита и спречување на загадувањето на водата, воздухот, земјиштето, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење утврдени со Законот за локална самоуправа.

Изминативе години се интензивирани активностите на градскиот инспекторат, што резултира со драстично поголем број редовни и вонредни инспекциски надзори и изречени казни за прекршителите.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



# РАСЧИСТЕНА ДИВАТА НАСЕЛБА ПОД СКОПСКОТО КАЛЕ

Во 2020 година Град Скопје спроведе голема акција за расчистување на дивата населба под скопското Кале, која со децении беше претрупана со отпад и беше извор на аерозагадување. Од оваа локација беа исчистени над 500 кубни метри смет, велосипедските патеки на кејот на Вардар се исчистени, а бездомните лица од оваа локација беа згрижени во капацитетите на Министерството за труд и социјална политика.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*





# БУЛЕВАР ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ

Градот Скопје е побогат за уште една важна сообраќајница - булеварот Христијан Тодоровски Карпош. Оваа сообраќајна врска овозможува развој на северниот дел од Скопје, како и побрз излез на обиколницата за околу 100.000 граѓани кои живеат во Чаир, Скопје Север, Топанско Поле и во Железара.

Северниот дел од градот за првпат е целосно поврзан со булеварско решение, од обиколницата до центарот. Новиот булевар е со 6 коловозни ленти, велосипедски и пешачки патеки од двете страни и простор за средишно зеленило и зелен појас од двете страни на булеварот. На новиот дел од булеварот Христијан Тодоровски Карпош е поставена нова водоводна, атмосферска и фекална мрежа, како и целосно ново улично осветлување со 140 столбови.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*





# СЕ ГРАДИ НОВ МОСТ НА ВАРДАР, ВО АЕРОДРОМ

Изградбата на новиот мост на реката Вардар во Аеродром, на булеварот АСНОМ, е во полн ек. Новиот премин преку Вардар ќе ги поврзе улицата Васко Карангелевски во Аеродром со улицата Индустриска во населбата Ќерамидница, во Гази Баба. Вкупната должина на трасата изнесува 400 метри, а самиот мост ќе биде долг 150 метри, со 6 коловозни ленти, како и велосипедски и пешачки патеки од двете страни.

Минатиот месец, булеварот АСНОМ почна да се гради и пробива и низ населбата Ќерамидница, кон Аеродром, на потегот од крстосницата со булеварот Гоце Делчев до објектот на поранешен Пролетер во населбата Ќерамидница. Во мај 2020 година, пак, целосно беше реконструиран и проширен булеварот АСНОМ од крстосницата со улица Васко Карангелевски до булеварот Србија кај мостот Близнак. Проширениот булевар сега има 6 коловозни ленти, пешачки и велосипедски патеки од двете страни и средишно зеленило.

skopje.gov.mk CityofSkopje gradskopje.oficijalna

ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, една поинаква приказна.











## ДВА НОВИ КРУЖНИ ТЕКА КАЈ МОМИН ПОТОК

Се гради клучката кај Момин Поток, најсложениот сообраќаен проект што Град Скопје го има изведувано од 1965 година до денес. Проектот вклучува изградба на два кружни тека, првиот треба да ја замени крстосницата кај булеварот 8.Септември и улицата Скупи, а вториот треба да ја замени крстосницата на булеварот Никола Карев и улицата кон Визбегово, обиколницата и косовската граница. Вкупната должина на коловозот меѓу двата кружни тека и до пред раскрсницата со булеварот Словенија изнесува околу 1.600 метри. На сообраќајницата ќе има најсовремено ЛЕД осветлување, како и пешачки и велосипедски патеки од двете страни на коловозот. Проектот предвидува и изградба на 2 моста на реката Серава, како и надвозник во продолжение на булеварот 8.Септември, над булеварот Никола Карев, со распон од 42 метри, потпорни ѕидови со должина од 2.000 метри, како и атмосферска и фекална канализација.

skopje.gov.mk CityofSkopje gradskopje.oficijalna

ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, една поинаква приказна.









# БУЛЕВАР НИКОЛА КАРЕВ

Реконструиран е и проширен и вториот дел од булеварот Никола Карев, на потегот од крстосницата кај касарната „Илинден“ до Момин Поток, на вкупна должина од 980 метри. Со овој проект, постојниот коловоз се прошири на 4 сообраќајни ленти, со разделно зеленило и нови мешани пешачко-велосипедски патеки од двете страни. Оваа сообраќајница ќе се надоврзе на новата клучка кај Момин Поток.

На булеварот Никола Карев, во оваа втора фаза од реконструкцијата, се изведе и нова атмосферска канализација и потпорен ѕид во должина од 690 метри, а поставено е и ново лед осветлување од двете страни.

Минатата пролет Градот Скопје ја заврши првата фаза од реконструкцијата на булеварот Никола Карев, на потегот од клучката кај Бит-пазар до крстосницата кај касарната „Илинден“ во вкупна должина од 1.440 метри.



ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*









# 14 СРЕДНИ УЧИЛИШТА СО НОВИ ФАСАДИ

Во текот на изминатите три и пол години 14 градски средни училишта, од вкупно 23, добија нови енергетски ефикасни фасади.

За да се подобрат условите во кои престојуваат учениците и вработените во училиштата, Град Скопје ги обнови и подовите, вратите, електриката, греењето и санитарните јазли во училишните објекти, онаму каде што беше потребно.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# ПРОЧИСТУВАЧ ЗА ВОЗДУХ ВО СЕКОЈА УЧИЛНИЦА

Градот Скопје е единствената единица на локалната самоуправа која обезбеди прочистувачи за воздух за секое свое училиште. Поставени се вкупно 572 прочистувачи на воздух во сите училници на вкупно 23 средни училишта под негова ингеренција. Тоа значи дека учениците ќе поминуваат барем една третина од денот во простории со прочистен воздух, особено важно во денови на зголемено загадување на воздухот во градот.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*








# НОВИ СПОРТСКИ САЛИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Средното училиште „Сарај“ минатата година доби нова спортска сала во којашто има спортски семафори и е опремена да организира квалитетни државни спортски натпревари.

Нова спортска сала лани доби и АСУЦ „Боро Петрушевски“. Новоизградениот објект е опремен со голема спортска сала, сали за пинг-понг, гимнастика, пилатес и фитнес, простор за реквизити и гардероби.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# НОВА ПРОТИВПОЖАРНА СКАЛА

Градот Скопје набави ново специјализирано возило – 45 метарска противпожарна скала за потребите на Противпожарната бригада. Перформансите на ова возило ќе значат многу спасени животи и на граѓаните и на пожарникарите - хероите на градот. Противпожарната бригада со оваа скала ќе може брзо и ефикасно да ги спасува сите граѓани кои живеат и повисоко од 5-ти кат на скопските висококатници.

Ова повеќенаменско возило како дополнителна опрема има и пумпа за вода со капацитет од 45.000 литри во минута, а самата скала може да биде користена и како кран за подигнување товар до 4 тона.



ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# ЛАЈКА, ПРВО ГРАДСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УЛИЧНИ ЖИВОТНИ ВО РЕГИОНОТ

Прифатилиштето на ЈП „Лајка“ во Вардариште е многу важна алка во системот за хуман третман на уличните кучиња. „Лајка“ е многу повеќе од стационар, тука се даваат различни услуги - вакцинација, чипирање, стерилизација, посвојување и социјализација. Тука е и специјално изградениот Парк за интеракција, преку кој кучињата коишто биле жртви на траума низ игра и забава стекнуваат навики за ресоцијализација. Во едукативниот центар, пак, најмладите можат да добијат соодветна едукација и можност за вдомување на некое од кучињата стационирани во „Лајка“. Редовно се организираат и отворени денови за младите волонтери.

Градот Скопје е единствен во регионот кој има сопствено јавно претпријатие за хуман третман на бездомните кучиња во коешто работат обучени луѓе. Кафезите за кучињата, односно целиот објект е со подно греење, за на кучињата да им се обезбедат услови по сите светски стандарди. Во „Лајка“ има амбуланта, операциони сали, соба за интензивна нега, соба за постоперативен третман и карантински дел.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*










# ДА РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

Со проектот „Да растеме заедно“ граѓаните имаат можност да засадат дрво во некој од градските дрвореди, паркови или скверови во чест на раѓањето на нивното бебе. На дрвото има плочка на која го пишува името на детето и датумот на раѓање. Низ годините, секој што засадил дрво ќе може да го следи растот на дрвото заедно со неговото дете.

Дрвјата за новороденчињата се засадуваат во сезонски акции на расположлива локација по избор на родителите.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ И БУЛЕВАРИ

За да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот, Градот Скопје во изминативе три и пол години го обнови коловозот на 40-тина градски улици и булевари, во сите десет скопски општини. Реконструкциите се изведуваа во рекордно кратки рокови, а на терен се работеше и ноќе. Булеварот Александар Македонски – источниот влез во Скопје; булеварот 8.Септември; булеварот Крсте Мисирков и улиците Никола Карев, Лазар Личеноски; Никола Парапунов; 11 Октомври; Благоја Стефковски; Џон Кенеди; Македонско – косовска бригада; Индира Ганди, Антон Димитров и Борис Сарафов се само дел од сообраќајниците кои добија нов асфалт и нов лик.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




## ВРАТЕНИ СТАРИТЕ ИМИЊА НА УЛИЦИТЕ

Имињата Ленинова, Железничка, Мексичка, Каирска, Стив Наумов, Салвадор Аљенде и 4 Јули повторно се враќаат на скопските улици, како што паметат Скопје и граѓаните во својата колективна меморија. Со одлука на Советот на Град Скопје донесена на 30 март 2021 година беа именувани 485 улици и 8 мостови, плоштади и други инфраструктурни објекти во нашиот град. Најголем дел од овие улици досега биле именувани со број или како краци на други поголеми улици, а сега овие улици ќе добијат нови имиња.

Многу улици добија имиња по личности коишто оставија белег во македонската и светската историја, наука и култура – Блаже Конески, Славко Јаневски, Горан Стефановски, Благоја Георгиевски – Буштур, Енвер Малиќи и многу други.

skopje.gov.mk CityofSkopje gradskopje.oficijalna

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*









# СЕ РЕКОНСТРУИРА УНИВЕРЗАЛНА САЛА

Реконструкцијата на Универзалната сала е во тек. Култниот објект на Универзалната сала ќе биде реконструиран во постојниот облик и габарит, задржувајќи го својот автентичен изглед како симбол на обновата на постземјотресно Скопје. Изведбениот проект за реконструкција на Универзалната сала е изработен од архитектот Бујар Муча. За реализација на овој проект кој е од огромно значење за скопската и македонската култура и традиција Владата на Република Северна Македонија одвои 120 милиони денари.

Обновата на Универзална ќе биде и голем придонес за „Скопје – Европска престолнина на културата во 2028“.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*














## УРБАН ЛИК ЗА ПЛОЧНИКОТ ПРЕД ГТЦ

Плочникот што ги поврзува Градскиот трговски центар и плоштадот „Македонија" има нов урбан лик. Новоуредениот плочник е со површина од речиси 5.000 квадратни метри и е изграден од висококвалитетни плочки од 3 вида на кои е изведена и патека за лица со инвалидитет. Поставена е нова соодветна урбана опрема - клупи, корпи за отпадоци, осветлување, атмосферска канализација и заштитни столпчиња што го спречуваат непрописното паркирање и движење на возилата.

Формирани се и дрвореди од 22 повеќегодишни дрвја кои даваат убава сенка за минувачите.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*













# СКОПЈЕ, ПОВТОРНО АТРАКТИВЕН ГРАД ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

Плоштадот „Македонија“ во зимата 2019/2020 година беше центар на новогодишните случувања и Божиќните празнувања во Скопје. Голем интерес кај посетителите предизвикаа дигиталната новогодишна елка, како и новогодишните куќички во населбата „Винтерленд“.

Сепак, најголем интерес имаше за новогодишниот концерт на големата музичка ѕвезда Дино Мерлин. Со неговите безвременски хитови 2020 година во Скопје ја дочекаа над 60.000 граѓани од земјава и од странство. Веселата атмосфера ја зботатија и сценските ласери и повеќеминутниот огномет на стартот на новата година.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*









## НОВ ЛИК ЗА КЕЈОТ „13 НОЕМВРИ“

Кејот „13 Ноември“, на потегот од градскиот плоштад до улицата Стив Наумов, е целосно партерно уреден. Површината од околу 12.500 квадратни метри е наменета за сите корисници – за граѓаните кои го користат за прошетки, одмор и за релаксација, но и за бизнисите кои во најголем дел се угостителски објекти, а на кои терасите ќе им бидат унифицирани.

Кејот има целосно ново поплочување, патека за лицата со инвалидитет, високо зеленило – дрворед, смарт клупи, корпи за џебен отпад, нови жардиниери за дрворедот, канделабри, рефлектори за осветлување и нови бетонски и електрични столбови заради реализација на забраната за паркирање и движење по кејот „13 Ноември“. Ослободено е и повеќе место за велосипедистите и пешаците преку целосно спречување на можноста за непрописно паркирање на овој простор и сериозно ограничување на протокот на возила.



ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# НОВ КОНЦЕПТ ЗА ТРЕТМАН НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД

Градот Скопје воведе нов концепт за третман на комуналниот отпад и хигиената на јавните површини. Со новите 540 контејнери што имаат речиси три пати поголем капацитет од старите, како и механизам за автоматско затворање на капакот, педала за отворање со нога, рачка за отворање што е приспособена за користење од лица со посебни потреби, како и упатство за користење на контејнерот, сликите на преполнети садови на градските улици се минато. Градот Скопје набави и четири нови комунални возила за собирање и транспорт на отпадот од овие контејнери.

Набавени се и 950 корпи за џебен отпад, 12 електрични машини за вакуумско чистење и 10 електрични возила за чистење и миење на јавните површини.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*








# НОВИ 47 СПЕЦИЈАЛНИ КОМУНАЛНИ ВОЗИЛА ГО ЧИСТАТ ГРАДОТ СКОПЈЕ

ЈП „Комунална хигиена“ годинава набави 47 нови различни специјални комунални возила наменети за собирање и транспорт на отпадот и одржување на хигиената на јавните површини во Скопје.

Станува збор за 10 метларки за метење на јавните и сообраќајните површини, пет специјални возила за собирање и транспорт на отпадот од кантите во индивидуалните домаќинства и корпите за џебен отпад, 10 возила за собирање и транспорт на отпадот од контејнерите од 1,1м3 и од кантите во индивидуалните домаќинства, пет возила за собирање и транспорт на отпад од контејнерите од 1,1м3, пет возила за собирање и транспорт на отпад од контејнерите од 1,1м3 и од 5м3, пет возила-самоподигнувачи за собирање и транспорт на отпад од контејнерите од 5м3, пет автоцистерни за машинско миење на улиците и булеварите и два кипера за расчистување диви депонии.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*










## НЕ ПАЛЕТЕ ГИ СТРНИШТАТА

Градот Скопје веќе трета година ја организира кампањата за бесплатно собирање на остатоците од берба за да се спречи палењето на стрништата и да се заштити воздухот од загадување.

Заинтересираните граѓани може да се јават на телефонскиот број
**02/274 44 49**
и да договорат бесплатно подигање на органскиот отпад.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*













# КУЛТУРА ВО ВРЕМЕ НА КОРОНА

Пандемијата од коронавирусот го смени секојдневието на сите. Се соочивме со карантини, рестрикции во движењето, мерки за лична заштита и измени во работењето на институциите, односно со нови правила. Во новото секојдневие, проектот „Култура во време на корона“ донесе над 50 настани на кои настапија повеќе од 200 изведувачи, со над 500.000 гледачи на социјалните мрежи и илјадници на балконите во осум различни општини. Проектот „Култура во време на корона“ Град Скопје го реализираше како дел од пакетот кризни мерки за културата, пролетта 2020 година. Солидарните и еднакви хонорари само за невработените изведувачи и помогнаа на оваа социјална група којашто беше една од најпогодените од воведените карантини и мерки.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*












## СПОРТУВАЈ ОД ДОМА

Во текот на мај 2020 година, девет добро познати инструктори во различни домени на спортот за граѓаните понудија онлајн видеа со вежби за одржување на телесната форма за време на вонредните услови што ги наложи пандемијата. Граѓаните имаа можност да погледнат фитнес-кросфит вежби, пилатес и пауер пилатес, аеробик, ултимејт фит, кондициски вежби, вежби за атлетика и јога. Градот Скопје адаптираше дел од Програмата за спорт со цел на граѓаните да им се понуди стручно одржување на формата и здравиот начин на живот додека беа дома, односно додека беа затворени теретаните, фитнес студијата и спортските сали.

skopje.gov.mk CityofSkopje gradskopje.oficijalna

ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, една поинаква приказна.













# ОБНОВЕНИ МОСТОВИТЕ ВО ГРАДСКИ ПАРК

Градот Скопје со донација на Халкбанк целосно ги реконструира сите 19 пешачки мостови во вториот дел на Градскиот парк. Со реконструкцијата се обновени дрвените подлоги на мостовите со поотпорни материјали на климатски влијанија и металната конструкција. На дел од мостовите се поставени рампи за да бидат подостапни за велосипедистите и лицата со отежнато движење.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*














# НОВИ ПАТЕКИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Патеките во вториот дел на Градскиот парк, што долго време беа запуштени, сега се реконструирани и овој дел од паркот има целосно нов изглед. Извршена е замена на канделабрите, а поставени се и нови клупи и канти за ѓубре отпад. Новите патеки овозможуваат безбедно движење на граѓаните кои во топлите летни денови го посетуваат Градскиот парк во голем број.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*











# ЗООЛОШКА СО НОВИ ЖИВОТНИ, НОВИ ЖИВЕАЛИШТА И НОВИ СОДРЖИНИ

Нови животни, нови живеалишта, нови содржини и се побројни посетители. Зоолошката градина во Скопје е вистински магнет за граѓаните и омилено катче за семејни прошетки. Едни од најатрактивните и најфотографирани жители се фламингата, алпаките, двогрбите камили од расата бактриан, слоновите, како и пингвините. Најомиленото катче на најмладите е Бејби ЗОО - мини зоолошката во која посетителите имаат можност да хранат и погалат животни и одблиску да се запознаат со чувањето домашен миленик. Таму, најмалите учат за емпатија и љубов кон животните. Имаат можност да запознаат верверички, африкански желки, виетнамски мини прасиња, морски прасиња, папагали, зајачиња и џуџести кози. Веќе со години свој забавен дел со нови трикови имаат и морските лавови коишто се многу интересни за публиката.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



## ДИНО ПАРК

Скопската зоолошка градина е побогата за уште една атракција - новиот Дино парк, тематски парк кој нуди забава и едукација за сите возрасти. Дино паркот со површина од 2.000 квадратни метри е еден од најзелените тематски паркови во Европа, со засадени над 300 садници на ниски и на високостеблести растенија. Во паркот има вкупно 41 реплика на диносауруси од креда и јура периодот, од кои дел се во природна големина со синхронизирани движења, проследени со звуци. Ова е првиот Дино парк на Балканот каде што има толкав голем број фигури од праисториски животни и едукативни содржини за секој од различните видови животни.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




# МКЦ ДЕЛ ОД LIVEUROPE

Младинскиот културен центар стана полноправна членка на најреномираната мрежа на концертни сали во Европа, Liveurope. Станува збор за мрежа на легендарни европски концертни сали кои се од огромна важност за функционирањето на европската музичка индустрија и се перцепира како сертификат за квалитет кој се доделува на концертни сали што работат посветено на претставување на европската култура и на европската музичка сцена.

ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, една поинаква приказна.




## НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ

Скопје е спортски град, град на успешни тимови и спортисти, скопјани сплотени ги слават нивните резултати, а Градот ги наградува најдобрите. Град Скопје ќе му додели парична награда во износ од 300.000 денари на добитникот на сребрениот медал во теквондо (категорија над 80 килограми) на Олимписките игри во Токио, Дејан Георгиевски. Парична награда од 100.000 денари ќе добие атлетската рекордерка Дрита Исљами, која е новата државна рекордерка во дисциплината 400 метри со пречки. Награда од 6 милиони денари беше доделена на европските ракометни шампиони – ракометарите на РК „Вардар“, во 2019 година.

За пофалба е и младиот Бесир Алили, кој освои златен медал на Европското првенство во борење за кадети во Фиренца, Италија, а кој беше корисник на стипендија од Град Скопје за 2019 година, како талентиран средношколец - спортист.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







## ПОМОШ ОД СКОПЈЕ ЗА ДРАЧ

По серијата земјотреси што ја погодија Албанија есента 2019 година, а најмногу се почувствуваа во градот Драч, во кој имаше жртви и многу повредени, Градот Скопје испрати екипи за помош на настраданите и додели помош од 3 милиони денари. Екипите беа составени од пожарникари и доброволци кои помагаа во извлекувањето на настраданите и расчистувањето на материјалните штети, а вршеа и снимање на самото место со термален дрон и беспилотно летало за да им помогнат на екипите на терен во пронаоѓањето на настраданите во земјотресот.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*











## ФЕСТИВАЛ НА СВЕТЛИНАТА

Меѓународниот фестивал на светлосната уметност Skopje Light Art District претставува симболичен мост што ги обединува уметноста, технологијата и науката со помош на јазикот на светлината. Овој фестивал е единствен од овој вид кај нас и им нуди на посетителите зградите, споменициите, парковите и плоштадите да ги видат во сосема поинакво светло и да ги доживеат магично и необично.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*





# КИНО ПРОЕКЦИИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Голем број посетители уживаат на отвореното кино во Градски парк каде што се прикажуваа домашни и светски филмски хитови во летниот период. Изминативе години посетителите имаа можност да ги видат на отворено филмовите „Големата убавина“, „Avec l'amour“, „Ирационален човек“ („Irrational Man“), како и домашните филмови „Исцелител“, „Џган“, „Господ постои, името ѝ е Петрунија” и многу други.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*














# ГРАДСКИ ЛЕТЕН ПАРК (ФИЛХАРМОНИЈА НА ОТВОРЕНО)

Манифестацијата „Градски летен парк" понуди богата и разновидна музичка програма за сите генерации со настапи на отворено на Националната филхармонија со познати странски и домашни изведувачи. Скопјани уживаа во настапите на фронтменот на култната скопска група „Архангел", Ристо Вртев, африканската музичка ѕвезда Феми Кути, во најголемите музички хитови на легендарната група „Queen", како и на голем број поп и рок светски хитови на концертот „Љубов и револуција". Филхармонијата на отворено одржа и уникатен концерт во градски парк со изведба на музика од култните цртани филмови од земјите од Источниот блок коишто го обележаа детството на генерациите од 70-те и 80-те години од минатиот век. „Балтазар", „Ну Погоди", „Как Казаки", „Козле Бозле", „Густав", „Мечето Ушко" и многу други.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*



## ЧИСТ И УРЕДЕН КЕЈ

Екипи на јавните претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Водовод и канализација“ и „Улици и патишта“ ја чистат и уредуваат и северната страна од кејот на Вардар, на потегот од реката Лепенец до Аеродром. Се обновуваат и патеките, се уредува зеленилото и се заменува осветлувањето. Оваа акција Град Скопје ја реализира во соработка со УНДП, кои помагаат со поставување урбана опрема – корпи за цебен отпад. Се чистат и камените коцки од шеталиштето на кејот и од нив се вади тревата и насобраниот мил и земја.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




# НОВА СТУДИЈА ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ

Градот Скопје по 40 години потпиша договор за изработка на Студија за оптимизација на мрежите на линиите на автобускиот јавен превоз во Скопје. Оваа студија за граѓаните ќе понуди нови автобуски рути, унапреден систем за наплата и унапреден возен ред што ќе биде во целосна согласност со потребите за мобилност на граѓаните во различни периоди од годината, викендите, празниците, но и дневните периоди усогласени со временските пикови. Студијата треба да понуди нови решенија за системот на јавниот превоз кои ќе ја зголемат неговата популарност што недвосмислено води до пораст на бројот на патници, правејќи го индивидуалниот автомобилски превоз помалку атрактивен, а градскиот – одржлив.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*





## УЛИЦИ ЗА ЛУЃЕ

Голем број граѓани на 30 мај годинава ги оставија автомобилите и учествуваа на Денот без автомобили што под мотото „Улици за луѓе“ се одржа на улицата Васко Карангелевски во Аеродром. Улицата беше затворена за автомобилски сообраќај вкупно 12 часа, во периодот од 8 до 20 часот на потегот од булеварот Јане Сандански до крстосницата со улицата Владимир Комаров и на неа се одржаа различни културни активности за возрасните, но и за најмладите, а беше подигнат и нов дрворед.

Деновите без автомобили се едни од главните промотори на одржливиот транспорт.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




## СКОПСКИ МАРАТОН

Скопскиот маратон е најмасовната спортска манифестација во нашава држава во чии рамки се одржуваат три трки: маратон, полумаратон и трка на 5 километри. Патеката на Скопскиот маратон, од 2008 година има сертификат од Асоцијацијата за маратони и улични трки (АИМС) со што се признаваат сите постигнати резултати и рекорди. Од година во година бројот на учесници во трките се зголемува, како и бројот на земјите од каде што тие доаѓаат.

Поради пандемијата со коронавирусот, претстојниот 17.Скопски маратон ќе биде организиран според безбедносните протоколи и препораки за заштита на учесниците и организаторите од Ковид 19.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







## ОБРАЗОВНИ АСИСТЕНТИ

Градот Скопје веќе неколку години ја продолжува позитивната пракса и ангажира образовни асистенти коишто работат со средношколците со посебни образовни потреби. Евидентен е успехот во совладувањето на наставните содржини на учениците коишто работат со образовни асистенти. Услугата од асистентите е бесплатна за родителите коишто се вклучија во овој проект.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху

РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

ЛЕКТОР Лидија Антоновска

Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски“ Скопје

e-mail: gragjani@skopje.gov.mk
телефон: 3 297 255
Facebook: Град Скопје
Twitter: @CityofSkopje
Instagram: @gradskopje.oficijalna
ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*




## 193 – ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА ЗА ЕФИКАСНО СПРАВУВАЊЕ СО ОГНОВИТЕ НА ОТВОРЕНО

За борба против огновите на отворено, Град Скопје ја воведе бесплатната телефонска линија 193, како најбрз и најефикасен начин на пријавување. Тоа е бројот на Противпожарната единица која е единствената служба која има брз и проверен систем за реакција и ги покренува сите потребни служби со цел мешаните тимови кои работат секој ден, 24 часа, навреме да излезат на терен во борбата против огновите на отворено.

Оваа активност на Град Скопје која што игра сериозна улога во намалувањето на аерозагадувањето во Скопје се спроведува четврта година по ред и дава одлични резултати.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*







# МЕМОРИЈАЛЕН МУЗЕЈ НА ИЛЕГАЛНИТЕ РАБОТИЛНИЦИ ЗА ОРУЖЈЕ

Градот Скопје повторно го отвори реновираниот Меморијален музеј на илегалните работилници за изработување на оружје за време на НОВ (1941-1944) во Скопје. Во Музејот посетителите имаат можност да ја видат постојаната поставка „Хероите на градот на Вардар“ и да се запознаат со историјата на антифашистичко Скопје. Овој објект во 1981 година е пренаменет во Меморијален музеј за да биде нем сведок и потсетник на хероите и борците коишто пожртвувано се бореле и вршеле диверзантски акции врз надмоќниот окупатор на нашата татковина.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*













## ДЕТСКИ ИНСТАЛАЦИИ

Многу радост и смеа предизвикаа детските инсталации што ги постави Градот Скопје на неколку локации.

Во Ново Лисиче е поставена просторната едукативна инсталација „Паркот на книгата“ која има за цел кај децата уште во најрана возраст да развие интерес и љубов за книгите. Просторната едукативна инсталација „Часовникот“, која е поставена на отворената зелена површина во Парк Драчево, пак, претставува лавиринт кој им помага на децата да го разберат времето и да научат да кажуваат колку е часот, да ги научат деновите во неделата и месеците. Децата со нетрпение ја истражуваат и инсталацијата „Приказна за Јованче и Марика, барајќи го патот до домот ја наоѓаат чоколадната куќичка“ поставена во паркот во Топанско Поле, општина Чаир и си играат во новоуредениот детско катче.



ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, една поинаква приказна.




## ГРАФИТИ УМЕТНОСТ

Во сутеренот на ГТЦ може да уживате во првата галерија на отворено со графити и урбана уметност. Отворањето на оваа галерија е дел од проектот „Градот убав“, а на ѕидовите на ГТЦ се дела на 22 уметници. Исто така, можете и да ги погледнете Галеријата на графити во катната гаража „26 Јули“, како и муралите насликани од светски и локални уметници на повеќе локации: во паркот Ибни Пајко, на фасадите на Домот на градежници и на Домот на културата во Ченто, на скопската пожарникарска кула во Автокоманда, и на новиот Велоштад кај Транспортен центар. Како дел од активностите на кандидатурата на Град Скопје за „Европска престолнина на културата за 2028 година“, пак, ова лето беа назначени две локации за легални ѕидови за слободно користење од уличните уметници за пишување и цртање графити, сликање мурали, тагови и слично. Тоа се потпорниот ѕид на улица Војвода Васил Чакаларов (Адолф Циборовски), како и ѕидовите од двете страни на булевар Гоце Делчев, под поранешната Стоковна куќа МОСТ.

ГРАД СКОПЈЕ

*Скопје, една поинаква приказна.*